# 368. МАРИЧЕ ДИЛБЕР ДЕВОЈЧЕ




Мариче, дилбер девојче,
што сношти ламба гореше?
Да не те, море, свршија,
за едно младо беќарче,
за едно младо беќарче,
и то ти беше врсниче?

Да гиди Ацо аџамија,
лажи ти кого да лажиш,
а мене да ме не лажеш.
Сношчи со гости имавме,
на мајка милите браќа,
на татко мили шуреи,
а мене мили вујчеи.

Да гиди моме аџамија,
лажи го кого да лажиш,
а мене да ме не лажиш.
Сношти си идеф од бања,
на вашта порта постојаф,
голем се сеир нагледаф,
прстенот твои го менваја.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995